Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 274/0306
17.07.2018 год
Скопје

16.07.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 16 јули 2018 година, врз основа на примена жалба од Александар Филипчев, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

Интернет порталот „Ако.мк“ со текстот насловен „Вработени ќе протестираат против самоволието на директорот на ОУ „Ѓорѓија Пулевски“ во Аеродром“, го прекрши Кодексот на новинарите во членот 1.

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 6 јули 2018 година, адвокат Јане Мојсовски, во својство на полномошник на директорот на ОУ „Ѓорѓија Пулевски“, Александар Филипчев, поднесе жалба за текстот насловен „Вработени ќе протестираат против самоволието на директорот на ОУ „Ѓорѓија Пулевски“ во Аеродром“, објавен на 2 јули 2018 година, на интернет порталот „Ако.мк“ (www.ako.mk).

Во жалбата се наведува дека во текстот се изнесени брутални клевети, навреди, непроверени и неточни информации против директот на училиштето Филипчев и, со тоа, неосновано му е нарушен угледот, особено пред персоналот на училиштето и пред родителите на децата, кои учат во „Ѓорѓија Пулевски“.

*„Електронскиот медиум „Ако.мк“ објави неточни и непроверени информации, со што, директно го клевети жалителот, а притоа, при објавувањето на оваа вест, авторот воопшто не ја застапил втората страна и не се обидел информацијата да ја провери колку што е тоа можно“,* наведува адвокат Мојсовски во поднесената жалба.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Ако.мк“ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Уредникот на „Ако.мк“, Емилија Лазаревска, одговори на наводите на жалителот.

Лазаревска целосно ја отфрла жалбата. Таа смета дека во оспорениот текст не се изнесени никакви клевети, туку станувало збор за најава за прес - конференција на група вработени во училиштето, кои потоа, како што навеле, заради притисоци, не го одржале настанот.

*„Ако ја прочитате веста, ќе видите дека во неа, порталот се оградува од наводите во поканата за прес, а не се споменува името на директорот. И покрај тоа, на инсистирање на директорот, кој во континуитет неколку дена ми се јавуваше на телефон и со закани дека ќе ме тужи и дека ќе се обрати до вас, ми вршеше притисок да ги посочам со име и презиме неколкуте наставници во училиштето“,* појаснува Лазаревска во одговорот, потенцирајќи дека бара заштита на слободата на информирање и своја лична заштита од притисоци и закани.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 1:

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирањ, што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 16 јули 2018 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина. Најпрво, заклучи дека не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во неа. Нејзина надлежност е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Членовите на Комисијата, најнапред, утврдија дека прилогот произлегува од јавниот интерес, но дека авторот на текстот, сепак, отстапил од основното новинарско правило да побара став од сите засегнати страни, во случајов, од директорот на ОУ „Ѓорѓија Пулевски“. На тој начин, авторот на оспорениот прилог, значително ќе ја намалел одговорноста за морална осуда за прекршување на професионалните стандарди. Според тоа, Комисијата најде дека медиумот го прекршил членот 1 од Кодексот на новинарите, во кој посебно се издвојуваат следните реченици од текстот:

***„Вработени го обвинуваат директорот за надводна продажба на тестови по математика на ученици од училиштето, но и за наместени тендери и расипничко трошење пари од касата на ова училиште. Според дописот, тој дал отказ на нивна колешка, која била бремена“.***

Постулат на новинарската професија е да се обезбеди „втора страна“, односно да им се даде можност на сите засегнати страни во текстот да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Критичкото следење на настаните, вклучително и на директорите и просветните работници во образовниот систем, се меѓу главните задачи на новинарите, но тоа секогаш треба да биде во согласност со новинарските начела.

Членовите на Комисијата за жалби оценија дека, и покрај тоа што новинарот пренесува најава за прес - конференција испратена од група наставници, текстот содржи сериозни клевети и обвинувања, кои авторот имал обврска да ги провери и да се обиде да обезбеди став од директорот на училиштето или од третите лица, кои се споменуваат во новинарскиот производ.

Во продолжение, Комисијата ја зеде предвид и ја поздравува одлуката на интернет порталот „Ако.мк" да го заштити изворот на информацијата и со тоа да го испочитува членот 4 од Кодексот на новинарите:

***„Новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити".***

Во тој контекст, Комисијата ја осудува постапката на жалителот, доколку тој се обидел да врши притисок врз медиумот за да го открие својот извор, како што тврди уредничката на „Ако.мк", Емилија Лазаревска..

Безбедноста на новинарите мора да биде ослободена од какви било закани и притисоци, со цел да се создаде и одржува поволна клима за слобода на изразување, што е јасно посочено и во членот 10 од Европската конвенција за човекови права.

На крајот, членовите на Комисијата најдоа и дека медиумот објавил демант, со што го заштитил сопствениот интегритет и интегритетот на новинарот.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Гоце Герасимовски, Теофил Блажевски и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет порталот „Ако.мк" (www.ako.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595